# Knauf Fugenfüller Imprägniert

Исполнувач на споеви за простории со висока влажност

*Технички лист* *8/2025*




## Материјал

**Опис на материјалот**

Fugenfüller Imprägniert е специјален прашкаст материјал на база на гипс, специјално хидрофобизиран и соодветен за обработка на споеви на Кнауф импрегнирани плочи, класа H1.

- Кремаста структура, лесен за работа
- Ниска потрошувачка, издашен материјал
- Мало вовлекување при сушење
- Оптимизирано време за обработка

**Складирање**
Чувајте ги кесите на дрвени палети во сува средина. Оштетените и отворени кеси затворењте ги херметички и користете ги први. Може да се чува околу 12 месеци во оригиналното неотворено пакување.

**Квалитет**
Во согласност со EN 13963 Typ 3B, производот е предмет на иницијално тестирање на типот и континуирана фабричка производствена контрола и ја носи CE ознаката.

## Својства и додадена вредност

- Прашкаст производ
- Хидрофобизиран, компатибилен со гипскартонски плочи од типот H2
- Системско решение за области со висока влажност
- Се употребува со бандажна лента
- Зелена боја, се совпаѓа со импрегнираните плочи

## Подрачје на примена

Fugenfüller Imprägniert се користи за:

- За исполна на споеви кај гипсани плочи со закосени рабови (AK), полу-заоблен раб (HRK), полузаоблен закосен раб (HRAK) или мешани рабови комбинации со бандажна лента, (на пример, Fugendeckstreifen Kurt)
- За прицврстување на аголни заштитни лајсни и профили

| | |
|---|---|
| Забелешка | Засечените рабови да се зајакнат со Knauf Joint Tape Kurt. |

## Примена

**Подлога**
Кнауф плочите треба да се добро прицврстени на подконструкцијата, да се суви, чисти и без прашина.

На позиции на кои се очекуваат напрегања се препорачува премачкување на споевите со Кнауф Tiefengrund.
Мали оштетувања на рабовите на плочите можат лесно да се пополнат, т.е. да се поправат со Knauf Fugenfüller Imprägniert.

**Мешање**
Fugenfüller Leicht треба да се сипе во чиста ладна вода (најдобро со просејување) се додека материјалот не се појави на површината ( макс. 2,5 кг во 1,8л вода).
Се чека 2-3 минути и со шпакла рамномерно се меша без одавање на материјал – се додека не се добие цврста кремаста смеса.
При мешањето се развива зелената боја.

| Забелешка | Не мешајте Fugenfüller imprägniert со други материјали. |
|---|---|

**Примена**
Споевите се исполнуваат со материјал и се втиснува со бандажната лента. Обработените споеви повторно тенкослојно се преглетуваат додека спојот не се изедначи со површината на плочата.

Пред секој нареден чекор спојот треба да биде сув т.е. тврд.
Видливите штрафови исто така се глетуваат. Мали нерамнини може завршно да се обработат со фина шмиргла.
Ниво на квалитет на површина Q3 или Q4 се постигнува со употреба на глет маса.

| Забелешка | Не го употребувајте стврднатиот материјал. Исчистете ги алатките со вода веднаш по употреба. |
|---|---|

**Работна температура / клима**
Со глетување односно обработка на споевите на Knauf плочите потребно е да се започне, откако е исклучена можноста за промена на димензиите на плочите на пример при драстична промена на температурата и влагата во просторијата.
Ако е предвидено нанесување на естрих, Knauf плочите се фугираат после нанесување на естрихот.
Температурата во просторијата и подлогата не се мее да биде пониска од +6C.

**Време на обработка**
Од моментот на мешање до почетокот на згрутчување – околу 90 минути.
Нечистите садови и алат за мешање го скратуваат отвореното време.
Стврднатиот материјал не може да се користи со додавање на вода или мешање со нов материјалот.

**Завршни облоги и премази**
Пред нанесуваање на понатамошни премази и облоги, фугираната површина мора да биде сува и обеспрашена.
Пред лепење на керамика, се препорачува грундирање со длабински премаз Knauf Tiefen-grung.
На деловите изложени на директно прскање со вода се нанесува хидроизолациски премаз, пр Кнауф Flächendicht.

## Технички податоци

| Опис | Стандард | Единица | Fugenfüller imprägniert |
|---|---|---|---|
| Реакција на оган | EN 13693 | – | **A1** |
| Отворено време | – | min | **90** |
| Време на сушење | – | h/mm | **24** |
| Класа на водоотпорност | EN 13693 | - | **H1** |

## Потреба од материјал / ефикасност

| Опис | Потрошувачка (спојување без периметарски спојници) | | |
|---|---|---|---|
| | Тавани kg/m² | Ѕидови kg/m² | Сува постава, инсталација на вратило ѕид kg/m² |
| 12.5 mm Knauf плочи (АК ивица) | 0.25 | 0.5 | **0.25** |


Build on us.

## Податоци за нарачка

| Опис | Примена | Боја | Единици во пакување | Материјален број | EAN |
|---|---|---|---|---|---|
| Fugenfüller imprägniert | 5 kg | Зелена | 103 вреќи/палета | 000498022 | 4003982245687 |

**Кнауф ДООЕЛ Скопје,**
бул. Александар Македонски бб,
1130 Скопје, Р.С. Македонија

**Контакт:**
Тел.: +389 23235 762
E-mail: info-mk@knauf.com

**www.knauf.com/mk-mk**

**Внимавајте на безбедносниот лист!**
За безбедносните листи и CE ознаката, видете
**www.knauf.com**

Нашата гаранција се однесува само на својствата на производите во совршена состојба. Податоците за потрошувачката, количината и дизајнот се базираат на пракса и затоа не можат да се користат во различни услови без понатамошни прилагодувања. Структурните, статичките и градежно-физичките својства на системот Кнауф можат да се постигнат само ако се користат производи од системот Кнауф или производи што изрично ги препорачува Кнауф. Проектантот на зградата е одговорен за дизајнирање и користење на соодветниот производ за одредена зграда. Сите права на техничката документација се задржани. Сите промени, препечатување или репродукција, дури и делумно, или употреба за други цели се предмет на изрична согласност од Кнауф.

ЗАБЕЛЕШКА:
Секогаш важи тековното издание. Овој технички лист станува неважечки кога ќе се издаде нов технички лист.